Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-899/2
Дата: 12.02.2013
До: Фондација Метаморфозис
Апостол Гусларот бр.40
1000 Скопје

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**Предмет:** Известување
**Врска:** ваш бр. 08-8/26 од 23.01.2013 година

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер кое се однесува на тоа дали е донесена Национална стратегија за заштита на природата, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве известува за следното:

Согласно член 159 од Законот за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. 67/04; 14;06; 84/07; 35/10; 47/11; 148/11 и 59/12), Владата на Република Македонија, на предлог од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата донесува Национална стратегија за заштита на природата. Стратегијата се донесува за период од десет години во постапка која обезбедува учество на јавноста во одлучувањето.

Имајќи предвид дека се работи за значаен стратешки документ од областа на заштитата на природното наследство, Министерството за животна средина и просторно планирање, во текот на 2013 година ќе отпочне со иницијални активности за изработка на стратегијта.

Изготвила: Дејана Тодоровска
Одобрил: м-р Сашко Јорданов

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ДИРЕКТОР

Игор Трајковски